# „ Интегриран пристап во развојот на туризмот на Југоисточниот плански регион “



Развојот на туризмот е важен развоен приоритет на Југоисточниот регион затоа што нуди бројни можности за развој на бизниси и нови работни места, но и затоа што ја поддржува целта на регионалниот развој во извозот и директните инвестиции. Економскиот бенефит е огромен за луѓето кои работат во овој сектор и за секоја општина.

Конкретната цел е да се воспостават основни предуслови за регинален пристап во развојот на туризмот во Југоисточниот плански регион до крајот на 2010 година, со што ќе придонесе во подобрување на условите за живот на граѓаните од регионот, зголемен број на туристи и зголемен приход од туризмот.

Со проектот ќе се изработи Студија за развој на туризмот во целиот регион во која ќе се идентификуваат сите туристички потенцијали и истата ќе се фокусира на принципот на одржлив развој кој предвидува искористување на потенцијалите без негативно влијание врз животната средина и природата. Ќе се изработи промотивен материјал, туристичка сигнализација и ќе се формира регионално тело за управување со туризмот.

Проектот ќе даде насоки за одржлив развој на туризмот, ќе биде основа за понатамошни развојни проекти, а воспоставеното регионално тело ќе ги координира сите активности кои се во рамките на проектот.

## Краток преглед на проектот:

### Носител на проектот:
- Центар за развој на Југоисточниот плански регион

### Проектни партнери:
- Општина Богданци
- Општина Босилово
- Општина Валандово
- Општина Василево
- Општина Гевгелија
- Општина Дојран
- Општина Конче
- Општина Ново Село
- Општина Радовиш
- Општина Струмица

### Времетраење:
12 месеци

### Финансиран од:
- Министерство за локална самоуправа
- Биро за регионален развој
- Центар за развој на Југоисточниот плански регион
- Општина Богданци
- Општина Босилово
- Општина Валандово
- Општина Василево
- Општина Гевгелија
- Општина Дојран
- Општина Конче
- Општина Ново Село
- Општина Радовиш
- Општина Струмица

### Цел на проектот:
Воспоставени основни предуслови за регионален пристап во развојот на туризмот во Југоисточен плански регион до крајот на 2010 година


**Контакт: Ристо Чивчиев**

Ул. Боро Џони Бр. 10
2400 Струмица
Моб.070/238-949
Тел./Факс 034/ 340-139
E-mail: **southeastregion@rdc.mk**




### Специфични цели на проектот

- Подобрување на условите за живот, особено на граѓаните кои директно или индиректно се вклучени во туризмот;
- Зголемен приход од туризмот во регионот;
- Зголемен број на домашни и странски туристи во регионот.

### Очекувани резултати

- Изработена студија за развој на туризмот;
- Туристички промотивен материјал;
- Подобрена туристичка сигнализација;
- Формирано регионално тело за развој на туризмот.